- Факултет за образовни науки – Конзерваторско-реставраторски работи на Јужен градски бедем и јужна порта во Стоби
- Факултет за образовни науки - Палеолитот во Источна Македонија, Систематски археолошки истражувања на палеолитската станица од среден палеолит Узун Мери
- Факултет за образовни науки - Палеолитот во Источна Македонија, Сондажни археолошки истражувања на подкапината Пешка во атарот на Злетово
- Факултет за природно технички науки – „Минералогија и продукти на распад во јаловиштето на Fe-Ni згура создадено при топење на латеритски Ni руди"
- Факултет за природни и технички науки - RIS-CuRE: Zero waste recovery of copper tailings in the ESEE region (HORIZON 2020 Programme Project)
- Факултет за туризам и бизнис логистика - Проект под наслов „ES-BALK: Developpement de I'enseignement du francais general et de specialite dans les Balkans"
- Факултет за туризам и бизнис логистика - партнер на проект „ЖАН МОНЕ": „Циркуларна економија: број еден приоритет за Европскиот зелен договор"
- Земјоделски факултет - Extracting Green-COVID effects for generating clean technologies and successful youth transition awareness for the climate change and sustainable development of the Western Balkan countries*, financed by Western Balkans Alumni Association. (2021)*
- Земјоделски факултет - *Plastics monitoRIng detectiOn RemedIaTion recoverY – PRIORITY" 2021*
- Земјоделски факултет - CA18101 - SOURDOugh biotechnology network towards novel, healthier and sustainable food and bIoproCesseS (10.4.2019-9.4.2023)
- Земјоделски факултет - Oxidomics-guided development of cold pressed oils rich in antioxidants by improving manufacturing processes. MON, 2022-2023 North Macedonian-Austrian project
- Земјоделски факултет - CEEPUS (CIII-RO-0010-11-1617) Teaching and learning Bioanalysis (2017 – тековно)
- Земјоделски факултет - CEEPUS (CIII-SK-1516-02-2122) BioScience, Food and Health (2021 – тековно)
- Земјоделски факултет - *Managing plant genetic diversity for food and agriculture in Macedonia (проект финансиран од PROSPECIES RARA преку FABIA CSB – Богданци) (2018-2022)*
- Факултет за информатика - LearnersMot2: Creating a continuous supportive learning environment for the 45+, low educated and low skilled learners, Erasmus+ project
- Факултет за информатика - COST action CA19130, Fintech and Artificial Intelligence in Finance- Toward a transparent financial industry
- Факултет за информатика - Teaching Mathematics in STEM context for STEM students, Erasmus+ project
- MATH4everyone, Erasmus+ проект
- Факултет за информатика - CA COST Action CA16226, Indoor living space improvement: Smart Habitat for the Elderly
- Факултет за информатика - CA COST Action CA18236 Multi-disciplinary innovation for social change
- Факултет за информатика - Multi3Generation: Multi-task, Multilingual, Multi-modal Language Generation-CA18231
- Факултет за информатика - CA18232-Mathematical models for interacting dynamics on networks Cost Europe Cooperation in Science and Technology
- Факултет за информатика - Mathematics of the Future: Understanding and Application of Mathematics with the help of Technology, Erasmus + programme.

**4.2. Одржани конференции**

За извештајниот период се организирани следниве конференции:

- 29 септември 2022 година - Еразмус дигитализација, дводневна конференција за едукација на студентите организирана од Одделението за меѓународна соработка.
- 19-20 мај 2022 година, Организација и учество во завршна конференција од проект „Жан Моне“ во Неапол. Професори од Правен факултет учествуваа на завршната конференција од меѓународниот проект „Жан Моне“ – мрежи што се одржа на Универзитетот во Неапол „Ориентале“ во Италија.
- 1-2 септември 2022 година, 9. Меѓународната научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Организирана на Правен факултет.
- 30 април 2022 година, Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век, Петта меѓународна научна конференција организирана од Факултетот за туризам и бизнис логистика.
- 18-19 октомври 2021 година, ФИЛКО - Шеста меѓународна конференција во Штип, С. Македонија организирана од Филолошки факултет.
- 19-21 октомври 2021 година, Меѓународна конференција ЕТИМА, Организирана од Електротехнички факултет.
- 28-30 октомври 2021 година, Втора научна конференција за критични еколошки прашања на земјите од Западен Балкан, организирана од WBAA на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
- Септември 2021 година, Осма меѓународна конференција. Општествени промени на глобалниот свет, организирана на Правен факултет.
- 19 ноември 2021 година, Четврта меѓународна научна конференција предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век - ISCTBL2021 организирана од Факултет за туризам и бизнис логистика.
- 16 декември 2021 година, Деконструкција на реалноста и врамување политики во новите европски граници, во организација на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
- Издавање на меѓународно научно списание „Geologica Macedonia“.

Студентски конференции:

- **Факултет за туризам и бизнис логистика** - Прв меѓународен студентски симпозиум „Предизвици во новиот свет на дигиталната ера - мултидисциплинарен пристап“, 30 мај 2022 година.
- **Земјоделски факултет** - студентска конференција „Критични прашања во земјоделството и животната средина“.

**4.3. Научноистражувачка инфраструктура (научноистражувачки лаборатории и акредитирани лаборатории и сл.)**

Лабораторијата УНИЛАБ

Во периодот 27-28.1.2022 г. е спроведен редовен годишен надзор од Институтот за акредитација на Р. Северна Македонија на лабораторијата УНИЛАБ при Катедрата за заштита на растенијата и животната средина на Земјоделски факултет, за реакредитација на 51 метода за тестирање на примероци од животната средина-почва, вода и седименти; неоргански ѓубрива, земање примероци и тестирање на семе, тестирање на масти и масла, вино и алкохолни пијалаци, овошје и зеленчук, житарки, лековити и ароматични билки и фармацевтски производи. Лабораторијата е акредитирана за тестирање на примероци согласно со стандардот МКС EN ISO/IEC 17025: 2018.

Лабораторија - АМБИКОМ

**4.4. Објавени трудови во референтни научни публикации**

За анализираниот период од 1.10.2021 до 1.10.2022 и според прикачените трудови на репозиториумот на Универзитетот (http://eprints.ugd.edu.mk), може да се каже дека се објавени 767 трудови во референтни научни публикации и меѓународни журнали.

За истиот период се објавени и е учествувано во 340 конференции и научни собири.




Професори од Универзитетот имаат организирано и биле дел од 33 изложби за анализираниот период.

За истиот период академискиот кадар при Универзитетот имал 34 настапи.

## 5. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Од 2012 година Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип постојано ја одржува и ажурира платформата е-библиотека, како студентски сервис за брзо точно, мултимедијално и бесплатно користење на учебници и учебни помагала. Содржината на е-библиотеката на УГД во континуитет се обогатува со содржини од електронски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература) за студентите на сите единици на Универзитетот.

Изданијата кои електронски се објавуваат во е-библиотеката на УГД, како и сите научни и стручни трудови објавени во системот на е-журнали на УГД, од јуни 2020 година се идентификуваат и со DOI (Digital Object Identifier System).

Секоја година се подготвува Годишен план и програма за Издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип каде што секој професор се изјаснува во однос на неговиот личен план за издавање учебник и учебни помагала. Дел од овој план опфаќа и информации за издавање на научни списанија со меѓународен уредувачки одбор и издавање научни стручни списанија.

Во анализираниот период се планирани и издадени:

- Journal of Agriculture and plan science JAPS,
- Balkan Social Science review,
- Students Social Science Journal,
- Зборник од Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет",
- Balkan Journal of Applied Mathematic and Informatic,
- PALIMPSEST Меѓународно научно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања,
- BJAMI,
- Journal of contemporary dental medicine,
- Списание „Воспитание",
- Journal of Economics,
- International Journal of Economic, Management and Tourism и други.

Финансирањето на издавачката дејност на Универзитетот е од сопствени средства.

Од декември 2018 година е-библиотеката на Универзитетот е отворена платформа до јавноста, кон која може да се пристапи не само како студент и вработен на УГД, туку и со најава од корисничко име и лозинка од социјалната мрежа на Фејсбук и со Гугл корисничко име. Оваа платформа прерасна во единствена бесплатна платформа за сите студенти и јавноста, во државата и пошироко.

## 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### 6.1. Учество во програми, мрежи и сл. за мобилност на студентите и наставничкиот кадар

Конекцијата и симбиозата на работа меѓу Универзитет „Гоце Делчев“ и странските универзитети произлегува од програмата Еразмус+. Досегашното искуство говори дека истата се имплементира успешно и многумина студенти од УГД успеаја да го прошират својот видик низ призмата на Еразмус+. Студентите и вработените при УГД имаат можност да бидат дел од оваа искуство преку програмата за студентска мобилност и мобилност на вработени.

За анализираниот период 77 студенти на УГД реализирале размена, а најмногу студенти заминале од Факултетот за медицински науки.

Најчесто мобилноста на студентите е во: Полска, Чешка, Бугарија и Италија.

Во истиот период 44 странски студенти биле дел од наставата на Универзитетот и тоа најчесто на Факултет за медицински науки, Машински факултет, Филолошки факултет и Факултет за образовни науки.

Студентите што имале мобилност на УГД најчесто доаѓаат од: Шпанија, Португалија и Италија.

Мобилноста на академскиот кадар е изразена со 16 професори кои поминале мобилност на еден европски универзитет.

Од страна на административно-техничкиот кадар деветмина заминале на мобилност.

78 професори од европски универзитети пак го одбрале Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип за нивна дестинација за мобилност.

### 6.2. Учество во меѓународни проекти

Универзитетот како динамична институција е дел од голем број меѓународни проекти. Дел од нив се прикажани во делот за научноистражувачка работа од овој извештај.

- Erasmus +, 2020, 621268-EPP-1-2020-1MK-ЕППЈМО-ПРОЕКТ,
- PPRC-2019-30, EADV-PPRC, EADV - Европска академија
- Erasmus +, 2018-1-MK01-KA103-046828, UGD
- Erasmus +, 2021-1-HRO1-KA220-SCH-00003415, UGD
- Erasmus +, 1 2021-1-ESO1-KA220-SCH-000024455, UGD
- Erasmus +, 2021-1-DEO1-KA220-HED-000030321, UGD
- Erasmus +, 662045-EPP-1-2020-BG-SPO-SCP, UGD
- Erasmus +, 622351-EPP-1-2020-1-BG-SPO-SCP, UGD
- Erasmus +, 622516-EPP-1-2020-1-IE-SPO-SSCP, UGD
- Erasmus +, 0 2020-1-RS01-KA-203-065388, UGD
- Erasmus +, 2020-1-MK01-KA103-077459, UGD
- Erasmus +, 2020-1-MK01-KA107-077523, UGD
- Erasmus +, 2019-1-MK01-KA103-060002, UGD и други.

Во анализираниот период започна меѓународен проект во рамки на програмата за меѓугранична соработка ИПА Македонија-Грција, „Business eco-system as an integrated system, Be-In”. Учесници: Регион Централна Македонија во Солун, Универзитет Македонија во Солун, УГД во Штип, Економски факултет, Центар за развој на Југоисточен плански регион во Струмица.

### 6.3. Членства и активности во меѓународни универзитетски и други мрежи, ректорски форуми

Универзитетот е дел од EUA – Европската универзитетска асоцијација. Исто така е дел од Magna Charta Universitatum, EURAS-Eurasian Universities Union и други. Факултетите при Универзитетот се дел од мрежи од својата област и делокруг на истражување, на пример:

- Мрежа - EU-Western Balkans Cooperation on Justice and Home Affairs,
- Мрежа - Jean Monnet Network „MAPS“,
- Мрежа - EU-Western Balkans Cooperation on Justice and Home Affairs и други.

### 6.4. Високообразовна дејност на академискиот кадар на универзитети во странство, визитинг наставници

Анализираниот период опфаќа период на премин од хибриден начин на работа на универзитетите кон настава во предавални, со што и вршењето на наставна дејност на професори од и на УГД е намален.

Сите ангажмани на професори од Универзитетот се дел од одлуките на Универзитетскиот сенат.

## 7. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ

Структурата на буџетот на Универзитетот е релативно стабилна и најголемиот извор на финансирање на Универзитет „Гоце Делчев - Штип во 2021 година е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите, кои се намалени во последните години.

Вкупната актива на Универзитетот на крајот на 2021 година е зголемена за 11,4% во однос на претходната година и изнесува 2,3 милијарди денари и во поголем дел (88,4%) се состои од постојани средства во износ од 1,9 милијарди денари и во помал дел (11,6%) парични средства и побарувања.

Изворите на капитални средства во вкупната пасива учествува со 88,3%, а тековните обврски со 11,7%. Со оглед на тоа што постојаните средства во целост (99,9%) ги финансира од сопствени извори, Универзитетот е кредитоспособен.

Универзитетот со паричните средства и побарувања (254,4 милиони денари) во целост ги покрива краткорочните обврски (254,4 милиони денари) со што тековната ликвидноста е на оптимално ниво. Побарувањата во просек се наплаќаат за половина месец, а обврските се наплаќаат за 5,5 месеци.

Вкупните приходи во 2021 година се зголемени за 20,5% во однос на претходната година и изнесуваат 718,3 милиони денари и во поголем дел (65,0%) се состојат во трансфери и донации во износ од 466,7 милини денари и помал дел (35,0%) врз основа на неоданочени приходи во износ од 251,5 милини денари.

Вкупните расходи изнесуваат 535,3 милиони денари, за 10,8% повеќе од расходите во претходната година и во најголем дел (97,4% се состојат од тековни расходи, каде што вкупните приходи ги надминуваат вкупните расходи во овие години.

| | 2020 | 2021 |
|---|---|---|
| Приходи | 596.246.313 | 718.283.774 |
| Расходи | 483.301.237 | 535.260.170 |












**Одделение за јавни набавки**

Планираните активности за работа од 15 септември 2021 год. и заклучно со септември 2022 год. се реализирани согласно со Годишниот план за јавни набавки и препораките на Владата на РСМ, во врска со мерките за рационализација на постапките за јавни набавки поради последиците од епидемијата со коронавирусот – COVID 19 и светската енергетската и економската криза.

Постапките се спроведувани согласно со новиот Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр.24/2019) и правилници за примена на Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр.64/2019; бр.271/2019; бр.225/2019; бр.250/2019; 263/2019; 13/2020; 15/2020).

– Донесување, измени и дополнувања на годишен план за јавни набавки

Годишниот план за јавни набавки на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип за 2022 година е усвоен со Одлука за усвојување на Годишен план за јавни набавки за 2022 г., бр. 0201-766/16 од 28.12.2021 г.

Во текот на 2021/2022 година, односно за периодот од 15 септември 2021 до 15 септември 2022 година се извршени измени и дополнувања и на Годишниот план за јавни набавки за 2021 година и на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година со следниве одлуки:

1. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2021 година бр. 0201-668/3 од 22.11.2021 година;
2. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година бр. 0201-417/2 од 8.6.2022 година;
3. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година бр. 0201-484/11 од 15.7.2022 година.

– Краток преглед на спроведени постапки

Табеларниот преглед опфаќа постапки за кои се објавени огласи за набавка од 15 септември 2021 година, заклучно со 15 септември 2022 година. Во извештајниот период се реализирани вкупно 60 постапки, од кои во тек се 4 постапки и се во процедура на изработка на документи за завршување на постапките. Во табелата се вклучени 21 постапка од 2021 година кои се спроведени по Годишниот план за 2021 година и измените на Годишниот план за 2021 година.

| Вид на постапка | Стоки | Услуги | Работи | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Отворена постапка | 3 | / | / | 3 |
| Поедноставена отворена постапка | 13 | 11 | 1 | 25 |
| Набавка од мала вредност | 18 | 14 | 1 | 33 |
| Постапки со преговарање | / | / | / | / |
| ВКУПНО | 34 | 25 | 2 | 61 |

Постапките кои ќе се објават до крајот на 2022 година ќе влезат во извештајот за 2022/2023 год.

- *Начин на работа*

Спроведувањето на јавните набавки се одвиваат целосно преку електронскиот систем за јавни набавки. Тоа подразбира дека сите дејствија од планирање на набавките, објавување на огласи, поднесување на понуди, јавно отворање на понудите и евалуација, донесување на одлука за избор/поништување, како и известувањата за склучени и реализирани договори и целокупната комуникација со сите учесници во постапките се спроведува преку ЕСЈН во електронска форма.

Сите вработени од Одделението за јавни набавки согласно со новиот Закон за јавни набавки се здобија со потврди (лиценци) кои им овозможуваат да работат во јавните набавки. Во текот на 2022 година вработените имаа можност да слушаат и онлајн обука организирана од страна на Бирото за јавни за развивање на платформата за набавки од мала вредност преку Е-пазар со цел запознавање на новиот начин на набавка на стоки и услуги, согласно со новиот Закон за јавни набавки.

Вработените во Одделот за јавни набавки континуирано посетуваат обуки, семинари и работилници од областа на јавните набавки.

Одделението за јавни набавки во досегашните извештаи кои се објавени од страна на Бирото за јавни набавки за следење на ризиците во јавните набавки и потенцирање на можните коруптивни практики при спроведување на постапките, нашата институција не е во ниту една од категориите на индикаторите (црвени знаменца) за ненавремено и несовесно спроведување на јавните набавки.

– *Ажурирање на документација за постапки (хартиена и електронска архива)*

Сите класери се означени по години, број на огласи и рок на траење и сместени во метални ормани кои ќе се заклучат и клучот е во сеф.

За постапките кои се спроведени во период од 2015 до 2022 година целокупната архивска граѓа се чува во метални ормани во Ректоратот на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Архивската граѓа за постапките спроведени во период од 2008 до 2014 година се уништени согласно со согласноста добиена од Архив на РСМ.

– *Соработка со економските оператори*

Одделението за јавни набавки успешно соработува со економските оператори. Оваа соработка се одвива во согласност со принципите на Законот за јавни набавки, Кодексот на однесување на вработените на Универзитетот и Етичкиот кодекс на службениците задолжени за спроведување на јавни набавки.

Сите документи за спроведените јавни набавки се достапни до надлежните органи во република С. Македонија.

## 8. АКТИВНОСТИ ВО ДОМЕНОТ НА ПРИМЕНА НА ИНФОРМАТИЧКИТЕ ТЕХНОЛОГИИ

Информатичко-технолошкиот капацитет со кој располага УГД е логистичка поддршка на студентскиот живот заедно со студентскиот сервис. Логистичката поддршка за студентите главно се изведува преку Секторот за ИКТ и Секторот за е-индекс, како и Одделението за е-учење.

Секторот за информатичко-компјутерски технологии на Универзитетот е опремен со најсовремена информатичка, телекомуникациска и телефонска опрема која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро.

Центарот е поделен на две одделенија:

1. Одделение за системска и мрежна администрација,
2. Одделение за средства и техничка поддршка.

Главни точки во работата на Центарот за анализираниот период се:

СИКТ во изминатиот период располагаше со одреден буџет за обнова на мал дел од хардверските системи и буџет за обнова на сервиси и услуги за одржување на веќе постојната стара инфраструктура и обнова на лиценци.

Делот од планираните буџетските средства за обнова се искористија за набавка на уред кој е наменет за заштита на податоци како бази и виртуелната инфраструктура. Уредот е стациониран во систем-соба која се користи како помошната бекап локација на УГД на Кампус 2.

Замената на стариот бекап уред со нов придонесе за сигурност и подобри перформанси во чувањето на копиите од сите податоци кои се чуваат во бази, како и датотеките на вработените кои ја користат виртуелната околина. Доста стариот и несигурен бекап хардвер кој досега работеше во помошната ИТ локација и беше набавен пред повеќе од 10 години ќе биде оставен во функција уште некој краток период.

Останатиот ангажманот во делот за јавни набавки се спроведуваше врз база на буџетскиот план и потребите на Универзитетот. Според овој план и потреби се спроведоа следниве јавни постапки:

- Одржување на оптички инсталации во рок од една година за санација на прекини на оптичките патеки во сопственост на УДГ кои се предизвикани од правни и физички лица;
- Мајкрософт кампус лиценци и ажур резервирани инстанци за тековната 2021/2022 година со рамковен договор во времетраење од 1 година. Количините на лиценците се приспособуваат според промените на политиката за лиценцирање и според потребите на Универзитетот;
- Осигурување на ИТ опрема во дата центар;
- Избор на сервисен провајдер за фиксна телефонија во траење од 2 години;
- Избор на сервисни провајдери за интернет пристап и меѓуградски податочни врски во траење од 2 години;
- Сервис и одржување на печатачи и друга ИТ опрема;

Поради дислокација на административниот и наставничкиот кадар од Прилеп, беше дислоцирана целата ИТ опрема од тој кампус во Штип.

Се спроведе и јавен оглас за избор на компанија која собира електронски отпад. Постапката беше одобрена од Универзитетскиот сенат со избор на пописна комисија и листа на опрема за расход. За завршување на постапката беше добиено и одобрение од Владата на РМ. На листата за отстранување се наоѓаше електронската опрема којашто не е во употреба и со вредност нула.

Процесот на одржување на останата опрема и инфраструктура се одвиваше константно со употреба на стандардни рутински процедури.

Поради ковид-19 мерките, СИКТ имаше поголем ангажман во делот на електронските сервиси. Интензивирано беше следењето и одржувањето на виртуелната околина, креирањето на тимови (предмети) и групи за настава, изработка на страна и сервис за собирање и приказ на наставни активности на далечина за професорите, унапредување на сигурноста при најавата на вработените и студентите преку мултифактор автентикација.

Поради мерките за ковид заштита се интензивира и соработката со Институтот за јазици од Филолошки факултет. Оваа соработка е на ниво на креирање и одржување на кориснички профили, групи и тимови за настава за странски лица кои одат на курсеви по јазик и имаат намера да студираат на УГД.

### 8.1. Опис на состојба со информатички базирани услуги

Секторот за **е-индекс** функционира со етаблирање на Универзитетот, од академската 2009/2010 г. платформата е-индекс е во функција на студентите и на наставничкиот кадар и е во постојано надградување. Платформата електронски индекс е целосно имплементирана и функционална за сите студенти од прв циклус, а со нејзина имплементација за студентите од втор циклус и трет циклус е започнато од академската 2020/2021 г.

Одделението за **е-учење** од неговото формирање (септември 2009 г.) до денес работи успешно, применувајќи ги новите технологии и ресурси во начинот на работа и во процесот на образование. Одделението овозможува континуирано учење, како и применување на ИТ алатки во секојдневните процеси на едукација и за наставниците и за студентите.

## 9. ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА

Со цел развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот и нудење висококвалитетни услуги поврзани со професионалното ориентирање и развој на студентите, на Универзитетот постои Центар за кариера и алумни клуб кој обезбедува стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците во развивањето на вештини и знаења кои ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното дообразување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавачите во функција на создавање на ефективно партнерство со работодавачите преку помагање во процесите на избор на студенти на позиции за пракса и работни места.

Во текот на анализираниот период се вршеше администрација на студентската пракса преку е-индекс/издавање на упатница, нејзина верификација и насочување на студентите кон вршење на практичната настава.

Во текот на годината факултетите организираат посети на компаниите каде што се прикажуваат можностите за вработување на студентите. Дел од факултетите организираат кариерно советување во соработка со компаниите од интерес и други активности за полесно вработување на студентите:

- **Универзитет „Гоце Делчев” – Штип** - 29 март 2022 година, симулацијата на „Енергетски самит“ во организација на Фондацијата „Фридрих Еберт“ – Скопје;
- Студентите од **Електротехнички факултет** во текот на изминатата академска година реализираа теренска настава во Хидросистемот „Злетовица“ и во компанијата „Актива“. Компанијата EVN во соработка со факултетот имаше презентација пред студентите од Електротехнички факултет при УГД, каде што беа претставени многубројните програми на компанијата за стипендирање и практикантство во насока на реализација на вработување во компанијата.
- На **Економски факултет** беше организиран настан „Биди претприемач“ - Глобална недела на претприемништвото, 8 - 10 ноември 2021 г.
- **Економски факултет** беше организиран настан „Биди економист“.
- **Економски факултет** - 09.12.2021 год. беа во организирана посета на Царинарница Штип.
- **Економски факултет** - 18.3.2022 год., група студенти ја посетија компанијата „Витаминка”- АД Прилеп.
- **Економски факултет** - јуни 2022 година, започна соработка со „Халк банка“, преку нивната нова „Банкарска програма за практикантска работа на Халк банка АД Скопје“.
- **Правен факултет** - студенти учествуваа на Moot Court натпревар „Branko Marinkovic” (симулирано судење) во Ниш, организиран од Правен факултет во Ниш, за познавање на постапката пред ЕСЧП и Европската конвенција за човекови права.
- **Правен факултет** - Поддршка за проектот на Македонското здружение на млади правници (МЗМП) за третата фаза (2022 – 2024) од Програмата за професионално унапредување и развој на дипломирани правници.
- **Правен факултет** - Training on refugee law, International Institute of Humanitarian Law, Maj-June, San Remo, Italy.
- **Правен факултет** - Работилница со студенти - настанот по повод Меѓународниот ден на бегалците, организиран од Правен факултет, а во соработка со Мисијата на ОБСЕ во рамките на проектот Strenghteening the rule of law and human rights in North Macedonia II, 20.6.2022 г.
- **Правен факултет** - Заштита на децата од дигитално насилство и педофилија, SPPMD, Судница на Правен факултет, јуни 2022 г.
- **Правен факултет** - Охридска школа на природно право, МАНУ, УГД, УКИМ.
- **Правен факултет** - Консултативна работилница „Правда за децата преку ефикасно и ефективно собирање и управување со податоци“ во рамки на проектот „Прав(да) за деца – ЕУ за малолетничка правда и правда по мерка на децата“, Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје во соработка со Владата на РСМ, Европската Унија и Совет за превентива против малолетничка деликвенција – Кавадарци (2022). Хотел „Панорамика“, Скопје, 22-23.8.2022 г.

- **Правен факултет** - Тркалезна маса со студентите од Правен факултет УГД и Правен факултет, Санкт Петерсбург, Русија, Амбасада на Русија во Северна Македонија, УГД, Санкт Петерсбург, 18.11.2021 г.
- **Правен факултет** - Дводневна работилница во рамки на проектот Building Online Resilient Communities to Disinformation Propaganda with a Focus on Gender Mainstreaming and Hybrid Threats via cyberspace, NATO Public Policy Division, Law faculty from University "Goce Delcev" – Shtip, Euro-Atlantic Council of Macedonia (EACM) and local CSO's from Shtip, Struga and Sveti Nikole, "Cyber Security, Corporate Security and Crisis Management Initiative - C3I" (2021), хотел „Сириус" - Струмица, 24-25.12.2021.
- **Правен факултет** – Активности во Центарот за анализа на право и политики, основан во рамките на Правен факултет.
- **Правен факултет -** Десеттата Ораторска вечер на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.
- **Правен факултет -** Одржана обука (Local Trainer) на тема „The provision of the capacity building training for young journalists in North Macedonia" (Veles, 11-12 December 2021) во организација на The Regional Youth Cooperation Office- Skopje.
- **Правен факултет -** Предавање на Regional summers cool, 2022, Society and religion: Ethnic Groups, identity and nationalism (23-26 August 2022, Skopje) на тема „Individual identifications and common values in multicultural societies".
- **Правен факултет -** Правна клиника за БПП на Правен факултет.
- **Технолошко-технички факултет** - Изложба на студентите во Безистен – Штип, 31.5.2022 година со Ликовна академија – УГД.
- **Технолошко-технички факултет** - 3 октомври 2021 г. во Домот на културата во Штип, Проект „Кружната економија како модел за решавање на текстилниот отпад во Општина Штип", студентите од факултетот организираа моден перформанс со моделите добиени од активностите од проектот употребен отпад од текстилната индустрија како суровина за производство на перници и јоргани.
- **Филмска академија, Катедра за современ танц** - 15.11.2021 г. – Македонски народен театар, Скопје, „Меѓусвет (Убавите жени)" - Скопје танцов театар со учество на студенти од Катедрата за современ танц при УГД, Филмска академија.
- **Филмска академија, Катедра за современ танц,** 6.12.2021 г. – Дом на АРМ, Скопје, претставата е изведена во рамки на фестивалот „Млад отворен театар Искричаво", Скопје танцов театар со учество на студенти на Катедра за современ танц при УГД, „Меѓусвет (Убавите жени)" – Дует, „Егзистирање", „Devils Hole".
- **Филмска академија, Катедра за современ танц,** 9.12.2021 г. – Македонски народен театар, Скопје, „Dutch Dance Higlight" Scapino Ballet Rotterdam и Скопје танцов театар со учество на студенти од Катедрата за современ танц при УГД.
- **Филмска академија, Катедра за современ танц,** 21.12.2021 г. – Дом на АРМ, Скопје, „ИМПУЛС", Претстава со студентите на Катедрата за современ танц при УГД.
- **Филмска академија, Катедра за современ танц,** 10.3.2022 г. – Македонски народен театар, Скопје, „Идентитети – Историја на еден растегнат сон", Скопје танцов театар со учество на студенти од Катедрата за современ танц при УГД.
- **Филмска академија, Катедра за современ танц,** 16,17,18.3.2022 г. – Национален театар за современ танц „Шајо", Париз, Франција, „Идентитети – Историја на еден растегнат сон", Скопје танцов театар со учество на студенти од Катедрата за современ танц при УГД.
- **Филмска академија, Катедра за современ танц,** 13.4.2022 г. – Македонски народен театар, Скопје, Претставата е изведена во рамки на Интернационалниот фестивал „Танц фест Скопје" - 2022, „Котел", Скопје танцов театар 2 со студенти на Катедрата за современ танц при УГД.
- **Филмска академија, Катедра за современ танц,** 19.5.2022 – Дом на АРМ, Скопје, Вечер на кратки кореографии на Скопје танцов театар 2 со студенти на Катедрата за современ танц при УГД „Безнадежен".
- **Филмска академија, Катедра за современ танц,** 2.6.2022 г. – Братислава, Словачка, Интернационален фестивал „Share", гостување во Братислава – Скопје танцов театар 2 со студентите на Катедрата за современ танц при УГД.

- **Филмска академија, Катедра за современ танц,** 22.12.2021 г. – Новогодишен концерт на студентите на Музичка академија при УГД - Штип (организација и уметничка придружба со студентите од класите по виолина, флејта и кларинет) концертна сала на МА.
- **Филмска академија, Катедра за современ танц,** 19 5.2022 г. – 15 години УГД – Концерт на вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Уметничка галерија „Безистен“ - Штип (организација и уметничка соработка со студентите од класите по кларинет, флејта и труба, како и настап на студенти од класата на проф. м-р Наташа Трбојевиќ).
- **Факултет за туризам и бизнис логистика** - 24 септември 2021 г. се одржа 12. Туристичко-гастрономска изложба на алтернативни форми за развој на туризмот со поддршка на Општина Гевгелија.
- **Факултет за туризам и бизнис логистика** - 29.10.2021 г., „Новото време, мојот факултет и јас“ – вебинар во организација на студентите на ФТБЛ.
- **Факултет за туризам и бизнис логистика -** Вебинар „Финтек секторот, дигиталната трансформација и стратегиите во банкарскиот сектор“, 15 ноември 2021 г.
- **Факултет за туризам и бизнис логистика -** Студентите на ФТБЛ во хумана акција – „Храна за секој студент“.
- **Факултет за туризам и бизнис логистика –** „Патување до Кина преку вкусовите на кинеската кујна приготвени од студентите на ФТБЛ”, со поддршка на Амбасадата на НР Кина.
- **Факултет за туризам и бизнис логистика -** април 2022 г., студентите на ФТБЛ беа дел од првиот серијал „Визионерски работилници“ од проектот „Поддршка за развој на Северна Македонија 2022 – 2042“, Национална развојна стратегија – Фаза 2, преку кои заедно во рамките на Источен плански регион ќе се креира Националната развојна стратегија. „Визионерските работилници” на Источен плански регион.
- **Факултет за туризам и бизнис логистика -** мај 2022 година, студентите на ФТБЛ дел од работилницата „Креирање на туристичкиот идентитет” во Општина Гевгелија.
- **Факултет за туризам и бизнис логистика -** XIII Традиционална туристичко-гастрономска изложба, 8 јуни 2022 година, со учество на студенти од сите години.
- **Факултет за туризам и бизнис логистика -** Туристичко-планинарски настан: „Дојди на Кожуф, запознај го регионот со ФТБЛ”, 9 јуни 2022 година.
- **Филолошки факултет** - 30 септември 2021 г., Денот на литературните преведувачи се одржа вебинарот на тема „Книжевниот превод како моја идна професија».
- **Филолошки факултет** – на 16 октомври 2021 година беше одбележан Меѓународниот ден на речниците. Студентите од Катедрата за англиски јазик и книжевност го одбележаа преку учество во неколку работилници.
- **Филолошки факултет** – на 22 октомври 2021 г. е одбележана Неделата на италијанскиот јазик.
- **Филолошки факултет** - 30 ноември 2021 г. се одржа вебинар на тема „Twain and Wilde, parallel but diverse“.
- **Филолошки факултет** - 7 декември 2021 г. Катедрата за македонски јазик и книжевност во соработка со НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ - Штип организираа мултимедијален настан насловен „Свети Климент – темелник, светилник и инспирација“.
- **Филолошки факултет** - го одбележува 21 декември - Ден на турскиот јазик.
- **Филолошки факултет** – 15 март 2022 г. вебинар „Commonwealth Day – Delivering a Common Future – Connecting, Innovating, Transforming“.
- **Филолошки факултет** - 22 март 2022 г. се одржа вебинар на тема „Зборообразувачки модели: германско-македонски паралели“ во организација на Катедрата за германски јазик и книжевност и Катедрата за македонски јазик и книжевност.
- **Филолошки факултет** - 25 март 2022 година Катедрата за италијански јазик и книжевност, со поддршка на Амбасадата на Р. Италија во Скопје го одбележува Денот посветен на Данте Алигиери.
- **Филолошки факултет** – на 30 март 2022 г. се одржа вебинар на тема „Најчести морфолошки и синтаксички грешки во академско пишување“ организиран од Катедрата за англиски јазик и книжевност.

- **Филолошки факултет** – на 30 март 2022 година се одржа вебинар на тема „Жената во фразеолошкиот корпус на македонскиот, германскиот, англискиот, италијанскиот, шпанскиот и турскиот јазик“.
- **Филолошки факултет** – на 31 март 2022 г. се одбележа 100-годишнината од раѓањето на големиот италијански писател Бепе Фенољо со книжевна средба за студентите од Катедрата за италијански јазик и книжевност на тема „Картографски подвиг на Милтон во приватно прашање“.
- **Филолошки факултет** – на 5-6 април 2022 г. студентите од Катедрата за англиски јазик и книжевност имаа можност да ги следат предавањата на тема „Beau Brummell’s Dandy and the Notion of Masculinity” и „How to be a Gentleman? – from Medieval Knighthood to Samuel Smile’s Self-Help Prescription“ од проф. Анна Антонович од Универзитетот „John Paul II Catholic“ – Љублин, Полска.
- **Филолошки факултет** - 4 април 2022 г., Меѓународниот ден на литературата за деца, м-р Трајче Кацаров, предавање на темата „Литературата за деца – современа приказна“.
- **Филолошки факултет** - 18 април 2022 г., студентите од Катедрата за турски јазик и книжевност имаа можност да го проследат предавањето на доц. д-р Ајсун Демирез од Универзитетот „Хаџи Бајрам Вели“ – Анкара, Р. Турција, на тема „Ефектот на промената на општествените, политичките и социјалните услови врз турскиот речник: Чума, Covid 19 пример“.
- **Филолошки факултет** – на 4 мај 2022 година излезе ново издание на студентското списание „КУЛА“.
- **Филолошки факултет** – на 23 август 2022 г. доц. д-р Марија Крстева одржа вебинар на тема „Пристапи во преведување загатки“, проект „Книгата со нас“ - Approaches in Translation of riddles, project “Took the Book”.

## 10. СОРАБОТКА СО СТОПАНСКИ И НЕСТОПАНСКИ СЕКТОР

Надворешната соработка со институции надвор од високообразовната установа е клучна за реализирање на наставно-образовниот процес. Секоја единица при Универзитетот негува соработка со клучни компании од соодветната област. Дел од факултетите вклучуваат учество на истакнати експерти од индустрискиот сектор во наставата. Посета на индустриски капацитети од различни области помага за развој на практични вештини кај студентите. Владини институции се клучни за развој на вештини кај општествените науки. Соработка со здравствени установи, клинички болници, институти за јавно здравје, поликлиники, амбуланти за потребите на студентите од Факултетот за медицински науки е важно за нивното образование.

Соработката не е само на национално ниво, туку има и факултети кои имаат соработки со компании од Грција, Бугарија, Германија, Србија и други европски земји.

- **Електротехнички факултет** - потпишан Меморандум за соработка со компанијата EVN.
- **Електротехнички факултет** - Меморандум за соработка со Комората на овластени архитекти и овластени инженери.
- **Економски факултет -** Потпишан Меморандум за соработка со ЗГ „СТАРТАП МАКЕДОНИЈА” Скопје на 21.10.2021 год.
- **Економски факултет -** Потпишан Меморандум за соработка со „ФЛЕКС КРЕДИТ” ДОО Скопје на 12.10.2021 год.
- **Економски факултет -** Потпишан Меморандум за соработка со „ЛЕОРОН ГРОУП ДООЕЛ” с. Бразда. Чучер Сандево, на 20.6.2022 год.
- **Економски факултет -** Потпишан Меморандум за соработка со „АКСАПТА МАСТЕРС” ДОО Скопје на 7.7.2022 год.
- **Правен факултет -** потпишан Меморандум за соработка помеѓу Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и УНХЦР - Меѓународната организација за заштита на бегалци во Република Македонија, 6 септември 2021 г.
- **Правен факултет -** Меморандум за соработка помеѓу Општина Штип, Општина Струмица и Општина Богданци и Правната клиника на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
- **Правен факултет -** Меморандум за соработка со RYCO.

- **Правен факултет -** Memorandum of understanding between: Say NO-LEAD, Community against drug and violence Skopje and Law Faculty University Goce Delcev Shtip.
- **Правен факултет -** Меморандум за соработка помеѓу Правна клиника на Правен факултет со Здружение за родова еднаквост „Една може!“ – Скопје -Подружница „ЕДНА МОЖЕ“ - Штип.
- **Технолошко-технички факултет** - Договор за соработка со Друштво за софтверски инженеринг, промоција и бизнис девелопмент **ЛИНКС ЛАБ ДОО Скопје.**
- **Факултет за образовни науки -** ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА – со ОЈУДГ „Астибо‘‘ во Штип, ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“ во Штип, Општинско основно училиште „Ванчо Прќе“ во Штип, Општинско основно училиште „Гоце Делчев“ во Штип, Општинско основно училиште „Димитар Влахов“ во Штип, Средно општинско училиште „Славчо Стојменски“ во Штип.
- **Факултет за образовни науки -** Меморандум за соработка со Сојузот на просветни работници, Регионална канцеларија за Младинска соработка — РИКО, Скопје, Здружение на одделенски наставници — УЧИТЕЛ — Битола, Здружение за развој и афирмација на културата, уметноста, науката и спортот „ВИТОРИА - МКДМ“.
- **Факултет за туризам и бизнис логистика** - Меморандум за соработка со „Шпаркасе банка“ АД – Скопје со претставување на можностите за стипендирање на студенти.

## 11. СВЕЧЕНОСТИ И ДРУГИ НАСТАНИ

Во текот на извештајниот период се обележаа 15 години од формирањето на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Беше организиран свечен настан на отворено, пред зградата на Ректоратот, каде што беа присутни речиси сите ректори на сите универзитети во државата, како и претставници на Владата на РСМ, градоначалникот на Општина Штип Иван Јорданов, прown ректор на УГД проф. д-р Саша Митрев, претседателот на Националниот совет за високо образование и наука проф. Тодор Серафимовски, како и студентите и вработените на УГД.

За тековниот период се организираше промоција на доктори на науки.

На ниво на Универзитет секоја година се наградуваат најдобрите студенти на ниво на секоја единица. Пофалница во знак на признание за постигнатиот најдобар успех во студирањето и 10.000 денари му се доделува на најдобриот студент од секоја единица и тоа:

- Стојче Речаноски – Електротехнички факултет, просек 9,98;
- Сања Велкакова – Економски факултет, просек 9,85;
- Тамара Лазарова – Музичка академија, просек 9,84;
- Теодора Сенева – Факултет за медицински науки, просек 9,75;
- Маја Николовска – Факултет за информатика, просек 9,68;
- Сашо Арсов – Земјоделски факултет, просек 9,65;
- Александра Јеротијевиќ – Ликовна академија, просек 9,57;
- Ивана Митева – Правен факултет, просек 9,49;
- Адријан Стефанов – Филолошки факултет, просек 9,40;
- Тамара Јованова – Факултет за образовни науки, просек 9,35;
- Валерија Стојановска – Технолошко-технички факултет, просек 9,17;
- Кристијан Мијалковски – Факултет за туризам и бизнис логистика, просек 9,10;
- Ангела Јосифовска – Филмска академија, просек 8,88;
- Славица Цветкова – Факултет за природни и технички науки, просек 8,73;
- Магдалена Трајковска – Машински факултет, просек 7,98.

Благодарница им се доделува на:

- Пензионирани лица во 2021 година:
  - Марија Кусевска – редовен професор;
  - Симеон Симеонов – редовен професор;
  - Ана Миновска – редовен професор;
  - Ангелина Илиева – хигиеничар;
  - Олгица Лазарева – хигиеничар;
  - Донче Иванов – чувар.

- Пензионирани лица во 2022 година:
  - o Светлана Каева – хигиеничар;
  - o Виша Владикова – хигиеничар;
  - o Вежди Рашидов – економ.

На дел од факултетите беа наградени студенти по различни основи:

- **Факултетот за туризам и бизнис логистика** - Стипендии за најдобрите студенти

Во соработка со „Шпаркасе банка“ најдобрите студенти од VII семестар на Факултетот добија стипендии за исклучителниот висок успех во нивното студирање. На најдобрите студенти, освен стипендии, им се овозможи и понатамошна пракса во рамките на „Шпаркасе банка“, тренинг од областа на банкарското работење и можност за вработување.

- **Филолошки факултет** - 5 мај 2022 г. - Ден на македонскиот јазик

Филолошкиот факултет на УГД организираше одбележување на кое беа доделени и наградите од Конкурсот за есеј за учениците од средните училишта. „Јазикот, народот и татковината се едно цело коешто не може да се раздели“ - беше основниот мотив на овој настан кој го организираа Филолошки факултет во Штип и Катедрата за македонски јазик и книжевност. Од добиени над 170 творби беа избрани најдобрите четири, кои добија плаќање на партиципација во првата година од студирање на кој било од факултетите.

- **Електротехнички факултет**

Во соработка со компанијата АД ЕСМ беа доделени две стипендии за студенти на овој факултет.

**ОПЦИОНИ ЕЛЕМЕНТИ**

## 1. АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ

Универзитетски културен и спортски центар е активен дел од Универзитетот. За извештајниот период се спроведени следниве активности:

- Реализација на наставата по Спорт и рекреација во академската 2021 – 2022 година.
- Онлајн предизвици за студентите. Во период од септември 2021 до март 2022 година беа креирани пет онлајн фитнес предизвици кои беа споделени со студентите. Во текот на март во рамките на обележувањето на патрониот празник на УГД беа наградени најдобрите студенти во машка и женска конкуренција за секој предизвик поединечно, како и генерални победници во машка и женска конкуренција. Повеќе од 150 студенти се вклучија во исполнувањето на онлајн предизвиците.

- *Учество на УГД тим во улични трки*

o Wizz air маратон, октомври 2021 година – 26 учесници од УГД, од кои 3 учесници во полумаратонската трка;

o Улична трка во Гевгелија – November run, 7 ноември 2021 година. Учество на 25 учесници, студенти од Гевгелија од ФТБЛ и вработени на УГД учествуваа на трките на 5 и 10 км.

o Промотивна трка на УГД, март 2022 година – организирана во рамките на патрониот празник на УГД. На истата за учество беа пријавени повеќе од 80 студенти и вработени.

o Авицена женска трка – организирана на 7 април 2022 година во Скопје, учествуваа 56 учеснички од понежниот пол, студентки и вработени на УГД.

o Поетска трка во Струга – организирана во мај 2022 година на која на трките на 5 км и 10 км учествуваа 22 вработени на УГД.

- *Планинарски тури организирани и поддржани од страна на УГД*

o Планинарска тура „Плачковица“ – ноември 2021 година, организирана во соработка со Планинарско друштво „Лисец“. Учествуваа повеќе од 60 студенти и вработени.

o Планинарска тура „Плачковица“ - април 2022 година, организирана во соработка со Планинарско друштво „Лисец“, во рамките на програмата за патрониот празник на УГД. На истата учествуваа повеќе од 80 студенти и вработени на УГД. Истата се организираше до планинарскиот дом „Цумаја“.

o Планинарски тури на Водно – организирани во рамките на наставата по Спорт и рекреација. Во истите учествуваа студенти од сите години од сите факултети на УГД. Истите се организираат еднаш во месецот во тек на летниот и зимскиот семестар.

- *Учество на спортски форум во Маљовица – Република Бугарија*

Во февруари 2022 година претставници на УСКЦ беа дел од Меѓународниот форум за наставници по спорт на универзитетите. На истиот, претставниците на УГД беа дел од трибината на тема „Предизвици и проблеми на спортот на универзитетите“, како и учество во спортски натпревари - трките во скијање во слалом и велеслалом.

- *Универзитетски спортски лиги на УГД*

Традиционално, по дванаесетти пат, во рамките на одбележувањето на патрониот празник на УГД, се организираа универзитетските спортски лиги за студенти на УГД. Во рамките на истите беа организирани натпревари во одбојка (мажи и жени), кошарка (мажи и жени), футсал (мажи), пинг-понг и шах. Во истите учествуваа над 200 студенти од сите факултети на УГД. Дополнително, за првпат беше организирана промотивна атлетска, велосипедска трка и планинарска тура. За учесниците во сите натпревари во рамките на патронатот беа обезбедени маици со мотото 15 години УГД - вистина. За најдобрите во сите категории, од страна на УСКЦ беа обезбедени соодветни награди.

- *Учество во државни универзитетски натпревари во куглање, шах и стрелаштво*

Во периодот од декември 2021 до мај 2022 година, студенти и екипи на УГД учествуваа во државни универзитетски натпревари во куглање, стрелање и шах

организирани од Универзитетската спортска федерација на Македонија. Повеќе од 20 студенти учествуваа во наведените натпревари.

- *Учество на Меѓународен студентски турнир во одбојка на плажа во Лозенец – Бугарија*

Во септември 2022 година екипа на УГД со 8 студенти и 2 наставници беа дела од Меѓународен студентски турнир во одбојка на плажа, кој се одржа во Лозенец – Бугарија. На истиот студентите се натпреваруваа во машка и женска конкуренција и мешани двојки.

- *Организација на Меѓународна работилница „Одржливи универзитетски спортски кампуси"*

Во септември 2022 година, УГД во соработка со ЕЛТЕ Универзитетот од Будимпешта – Унгарија, Факултетот за спорт и физичко образование од Универзитетот во Ниш – Србија и ISHSN мрежата, организираа Работилница под наслов „Одржливи универзитетски спортски кампуси". Настанот беше организиран како дводневна работилница во која во рамките на првиот ден беа презентирани искуства од повеќе од 20 земји од Европа и Јужна Америка, меѓу кои беа споделени искуствата и од УГД, од страна на претставници на Универзитетскиот спортски центар.

- *Учество на меѓународни проекти за спорт*

Во рамките на програмата Еразмус+ спорт, претставници на УСКЦ учествуваа во бројни настани и активности организирани во рамките на проектите BeValueR reload, Tennis clubs for dual careers и Meaningfulness in youth sport. Во рамките на истите беа вклучени спортисти и тренери од машката и женска одбојкарска екипа, карате екипа, Боречки клуб „Киро Ристов" – Штип, Тениски клуб „Астибо" – Штип, Тениски клуб „Нет" – Струмица. Во рамките на меѓународните состаноци, УГД и членовите на УСКЦ беа домаќини на професори, тренери и спортски работници од Норвешка, Канада, Шкотска, Ирска, Бугарија, Словенија, Романија и Грција.

- *Поддршка за настани*
  - Вработени на УГД учесници во алпинистичка мисија на Хималаите;
  - Студенти на Земјоделски факултет за учество на спортски игри и организација на студентска конференција;
  - Поддршка на спортисти – студенти преку стипендии;
  - Поддршка на студенти – бруцоши преку наградни ваучери;
  - Поддршка на спортски настан за деца со посебни потреби.

**Ректор,**
**проф. д-р Блажо Боев, с.р.**